**Заемна почит**

Ние, како Lyconet Маркетери...

- сме лицето на Lyconet и се обврзуваме секогаш да се третираме меѓусебно со почит и заемно да се цениме.
- не го ставаме сопствениот интерес во преден план и се придржуваме до договорните одредби кои се основа на нашето членство и ги почитуваме законските прописи со цел да не му наштетиме на имиџот на Lyconet.
- не ги уверуваме другите, дека сопствениот политички, религиозен или филозофски став е воедно и став на Lyconet.
- не ја омаловажуваме поддршката или активностите на друг Маркетер.

**Длабинско појаснување на услугите и производите (како Campaign & Reseller Packs или Loyalty Program Reseller).**

Ние, како Lyconet Маркетери...

- на заинтересираните лица т.е. на почетниците точно и јасно им ги образложуваме бизнис можностите на Lyconet.
- им укажуваме на тоа, дека не се обврзани да купат услуги и производи, како на пример Loyalty Program Reseller или Campaign & Reseller Packs, за да станат Lyconet Marketer.
- им ги објаснуваме предностите и опциите за употреба Campaign & Reseller Packs, со помош на материјалот обезбеден од Lyconet. Никако не ги претставуваме mVouchers, што се содржани во Campaign & Reseller Pack, на начин, што би предизвикал впечаток дека станува збор за инвестициски производ.
- не наговараме никого, под никакви услови, да купи Campaign & Reseller Pack ниту Loyalty Program Reseller.
- се обврзуваме да појасниме, како функционира Re-Cash односно како се искористуваат eVoucher и mVoucher, што се составен дел на Campaign & Reseller Pack.
- укажуваме на тоа, дека повратот на Campaign & Reseller Pack или на Loyalty Program Reseller можно е само под одредени услови, согласно дополнителни услови за купување на Campaign & Reseller Packs т.е. согласно условите за користење на Loyalty Program.

**Почитување на правила за настап надвор**

Ние, како Lyconet Маркетери...

- не оставаме впечаток дека сме вработени или ангажирани од Lyconet или од некое нивно поврзано друштво.
- не остваруваме разговори или преговори со мало-продажни синџири (со повеќе од 10 филијали или 100 вработени). Ако сепак се воспостави контакт со големо мало-продажно претпријатие, тогаш веднаш ја информираме соодветната канцеларија за тоа.
- во ниту еден момент, ниту за време на приватни состаноци, ниту преку каналите на социјалните медиуми, не препорачуваме т.е. не рекламираме членства т.е. производи на други претпријатија од Network Marketing.

**Исклучива употреба на одобрени материјали за комуникација**

Ние, како Lyconet Маркетери...

- ги употребуваме исклучиво оние комуникациски материјали кои се одобрени од Lyconet и кои се достапни во дадениот момент на www.lyconet.com. Пред да ги употребиме, провеpуваме дали материјалите соодветствуваат со актуелната верзија од веб страницата.
- не употребуваме ниту на печатени материјали ниту онлајн логоа од фирмите на Lyconet или од нивните поврзани друштва и марки како myWorld, Cashback Solutions, Cashback World, Child & Family Foundation или Greenfinity Foundation.
- не употребуваме ниту на печатени материјали ниту онлајн, логоа или слики од Трговски партнери или од White Label кооперативни партнери како на пример MotoGP™, Legia Warszawa, Jokerit Helsinki или Вардар Скопје.

**Заштита на личните податоци како и чување деловна тајна**

Ние, како Lyconet Маркетери...

- сме одговорни за нашите лични податоци за пристап и се обврзуваме да ги чуваме во тајност.
- никогаш не ги користиме личните податоци и податоци за пристап на друг Маркетер, член или Трговски партнер.
- се обврзуваме да ги третираме како доверлив сите деловни и оперативни тајни на Lyconet.

**Почитување на правилницте**

Ние, како Lyconet Маркетери...

- се обврзуваме да ги почитуваме договорните одредби односно правилниците и веднаш да ги известиме Lyconet штом осознаеме за можен прекршок од страна на друг Маркетер.